ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
Универзитетска клиника за хематологија Скопје
Бр. 09-222/33
16-07-2026 20 __ год.
Скопје

Врз основа на член 44 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на РСМ" бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16, и бр.11/18, (,,Службен весник на РСМ" бр.275/19,бр.14/20,бр.215/21,бр.157/21,бр.99/2022 и бр.208/2024) и доставената конечна ранг листа на кандидатите и предлогот за вработување на кандидатите по јавен оглас бр.325/2026год., Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија на ден **16.07.2026 година**, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидатите по Јавен оглас бр.325/2026 година за вработување на административни службеници

1. За вработување на работно место под ред.бр. ЗДР0102Г01003 Самостоен референт-главен администратор (амбулантско лекување) – Самостоен референт – администратор за болничко лекување-дневна болница/стационар, Одделение за сметководство, Сектор за финансиско работење и сметководство – со идентификациски код DI4FECA, Јасмина Пешевска, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 62.04

   За вработување на работно место под ред.бр. ЗДР0102Г04001 Помлад референт администратор (болничко лекување) Одделение за сметководство, Сектор за финансиско работење и сметководство со идентификациски код 971AE16, Андреј Субашиќ со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 70.16

2. Именуваните кандидати за работното место под ред.бр. ЗДР0102Г01003 и под ред.бр. ЗДР0102Г04001 ќе бидат вработени по конечноста на оваа Одлука за што ќе биде донесено посебно Решение.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 19.05.2026 година во дневните весници ,,Нова Македонија", ,,Вечер" и ,,Коха" беше објавен Оглас за вработување на административни службеници 3 извршители во ЈЗУ Универзитетска клинка за хематологија-Скопје. Постапувајќи со одредбите од Законот за административни службеници, комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр.325/2026 година формирана од страна на Агенција за администрација изврши административна селекција за вработување и констатира дека за огласеното работно место под ред бр.01 уредно се имат пријавено 24 кандидати.
На ден 19.06.2026 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за административен службеник (записник бр.10-1230/09 од 19.06.2026година)
На ден 26.06.2026 година се изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите (записник бр. 10-1230/10 од 26.06.2026година)
Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата се изготви конечна ранг листа и предлог за вработување на кандидатите по Јавен оглас бр.325/2026 година и истата беше доставена до директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија по што се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.
По конечноста на Одлуката, директорот на претпријатието во рок од 5 (пет) дена ќе склучи договор за вработување на неопределено работно време со избраните кандидати.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

Изработил: Фатмире Бајрами

**Доставено до:**
-Агенција за Администрација;
-архива;
-Кандидатот;

ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија

**ДИРЕКТОР**
Проф.Д-р Соња Генадиева Ставриќ

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА Клиника за хематологија 1 СКОПЈЕ